РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-968/6
11.05.2023
_______ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-та седница одржана на ден 05.05.2023 година ја донесе следната

## О д л у к а

Постапката по предметот број 12-968/1 од 10.02.2023 година, оформен по пријава поднесена од --------------------------------------, со наводи за сомневања за несоодветен и неправичен избор на кандидати за наставници по економски предмет во СОУ ,,Лупчо Сантов,,- Кочани, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување и по предметниот случај има постапено друг надлежен орган.

Предметот со број 12-968/1 од 10.02.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-968/1 од 10.02.2023 година, по која во ДКСК е оформен предмет во која се укажува на сомневање за несоодветен и неправичен избор на кандидат за наставник по економски предмет од страна на в.д директорот на СОУ ,,Лупчо Сантов,, во Кочани.

Подносителот во пријавата наведува дека на 12.12.2022 година се распиша јавен оглас со бр.------------ за вработување на наставник по економски предмет и се пријавил на истиот. Истиот наведува дека и покрај фактот што неговиот просек на додипломските студии, било значајно повисоко од просекот на студиите на другиот кандидат, в.д директорот на училиштето изврши избор на кандидатот со понизок просек на студии и тоа без направена ранглиста на пријавените кандидати. Исто така подносителот наведува дека на претходниот јавен оглас бр.------------- распишан на 26.08.2022 година во истото училиште, за истото работно место, в.д директорот применувал сосема поинаква постапка за избор на кандидат за вработување.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по пријавениот случај, ДКСК достави барање до Државен просветен инспекторат за извршење на инспекциски надзор во СОУ ,,Лупчо Сантов,,- Кочани.

На 06.03.2023 година ДКСК прими одговор со прилог Записник за извршен инспекциски надзор во СОУ,,Лупчо Сантов,, во Кочани. Според наодите за утврдената фактичка состојба внесени во Записникот за извршен инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, ДКСК го утврди следното: Сите пријавени кандидати на огласот бр.-------------- од 09.12.2022 година, имаат завршено најмалку четири години соодветно високо образование, што значи го имаат исполнето

условот предвиден согласно член 3 од Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование.

Државен просветен инспекторат во Записникот констатираа дека наводите во пријавата според кои подносителот смета дека има предност при вработување поради повисокиот успех на додипломските студии, повикувајќи се на <u>**член 10 став (3)**</u> од Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование, како и на изготвената Ранг листа од членовите на училишниот одбор, која не ја земал во предвид при вршење на изборот на наставници, се неосновани.

Согласно Мислењето бр.18-2700/2 од 14.02.2020 година од Министерството за образование и наука-Сектор за нормативно-правни работи, доставено до Државниот просветен инспекторат, за применување на член 10 став 3 од Законот за наставници и стручни соработници во осоновното и средното образование, се утврдува следното:**,,Кога на оглас ќе се јаваат повеќе кандидати, предност имаат наставниците кои имаат повисок степен на образование и повисок успех во текот на додипломските студии,,**,цитираниот став 3 од членот 10 се применува само во случај кога кандидатот **КУМУЛАТИВНО** ќе ги исполнува двата наведени услови, на начин што кандидатот е потребно да има повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во додипломските студии, за да може да му се даде предност на истиот, во однос на другите кандидати пријавени во јавниот оглас и во тој случај до директорот се доставува како предлог само тој кандидат.

Истото е потврдено и во донесеното Решение на Уставен Суд , објавен во Службен Весник во 06.11.2020 година.

Во записникот за извршен инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат во предметниот случај, се наведува дека член 89-а од Законот за средното образование не пропишува дека училишниот одбор извршува рангирање на кандидатите според просечниот успех на додипломските студии на кандидатите. Училишниот одбор како предлог до директорот требало да ги достави сите кандидати кои ги исполнуваат законските услови согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

Истите наоди и констатации ДПИ ги дава за огласот бр.------------ од 09.12.2022 година и огласот бр.------------ од 26.08.2022 година.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека по пријавените наводи веќе има постапено друг надлежен орган, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**